Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за јавна администрација
Ministria e administratës publike
Бр. - Nr 10-161/125
28.09.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

**Број:** 10-161/125
**Датум:** 28.09.2026г.

**ДО:** Сите институции корисници на ИСУЧР системот
**ОД:** Министерство за јавна администрација
**ПРЕДМЕТ:** Единствен начин на пријавување проблеми во врска со ИСУЧР системот

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Со цел поефикасно, подобро организирано и навремено постапување по барањата на институциите, Ве известуваме дека **пријавувањето на сите проблеми и барања за техничка поддршка во врска со ИСУЧР системот се врши исклучиво преку Порталот за пријава на тикети**, достапен на следниот линк: https://hrm.gov.mk/hr-app

Порталот претставува **единствен официјален канал** за пријавување проблеми. Пријавите доставени по друг пат (телефон, електронска пошта, писмена преписка или лично) нема да бидат евидентирани ниту разгледувани. Централизираното евидентирање на тикетите обезбедува следливост на секое барање, утврдување приоритети и навремено решавање, како и транспарентен увид во статусот на секоја пријава.

Во прилог на овој допис Ви доставуваме **видео упатство** за начинот на користење на Порталот за пријава на тикети, со надеж дека ќе Ви го олесни пристапот и работата.

Ги повикуваме институциите да ги известат сите овластени лица и корисници на ИСУЧР системот за содржината на овој допис и да ја применуваат наведената постапка при секое идно пријавување.

Однапред Ви благодариме на разбирањето и соработката.

Со почит,

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Изработил: Катја Јовановска
Одобрил: Маја Рисова Мутлулар


Министерство за јавна администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk